Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 04-478/12
30.09. 2022 год./viti
Скопје / Shkup

# Влада на Република Северна Македонија
## - АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на административен службеник за унапредување во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот**

1. Кандидатот **Виолета Лазаревска**, се избира за работно место УПР0101В02000 Виш соработник за управување со автокампови и проекти , во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Скопје, Сектор за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр.02/2022.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од точка 1 по конечноста на одлуката.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**Образложение**

Со Интерен оглас бр. 02/2022 за унапредување административен службеник објавен на веб страните на АППТ и Агренцијата за администрација на ден 15.09.2022 година беше огласена потребата од унапредување на 1 (еден) административен службеник. За работно место УПР0101В02000 Виш соработник за управување со автокампови и проекти , во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Скопје, Сектор за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018).

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

На горенаведениот Интерен оглас се пријави само еден кандидат и тоа Виолета Лазаревска кој по спроведувањето на интервјуто од страна на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, е избран за унапредување.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесде одлука како во диспозитивот на оваа одлука

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на АППТ.

**Директор**
**д-р Љупчо Јаневски**

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република ... Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit ... Maqedonisë ... Скопје

Одделение за управување со ЧР
Изработил: Слаџана Анѓелковска

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- Архива на АППТ
- Одделение за управување со ЧР